
Карантинот како мамка за клик

Медиумскиот онлајн простор денес се развива со многу динамично темпо. Навистина постојат огромен број на веб страници и сајтови кои се обидуваат да информираат. Меѓутоа, тука акцентот паѓа баш на зборот „обидуваат“, бидејќи овие т.н портали информирањето го реализираат само со превземање на вести и го практикуваат добро познатото copy-paste новинарство. Најчесто се препишуваат информации од други веб страни, веб изданија од печатените или електронските медиуми, а неретко вести емитуваат и граѓански новинари, искористувајќи свои фотографии или видеа направени со смарт телефони. Ваквите интернет платформи најчесто имаат голема посетеност поради ексклузивноста на споделената информација, атрактивните мултимедијални записи и занимливите наслови кои знаат да привлечат внимание кај одредена публика. Ако овој „тренд“ сега го поврземе со најактуелната тема денес КОВИД – 19 или корона вирусот, ситуацијата драстично може да влијае врз психичкото здравје на луѓето.

Деновиве налетав на информација која може да се смести токму во оние текстови кои во себе го носат делот „шокантно“. Насловот на веста гласи: Карантинот си го прави своето – Спајдермен трча низ Скопје.



Линк до оригиналниот напис: Карантинот си го прави своето – Спајдермен трча низ Скопје

Последниов месец нашата држава се соочува со реален проблем, а во вакви кризни моменти „обичните граѓани“ секојдневно информирајќи се за случувањата, всушност претставуваат најранливата категорија на публика. Затоа, секогаш, ама посебно во ваква ситуација вистинските новинари треба да ги почитуваат, а не злоупотребуваат

основните начела и принципи на новинарската етика. Меѓутоа, од информацијата објавена на веб порталот bulevar.mk може да се забележи дека во време на ширење на пандемијата се шират и клик бајт вестите.


Малце касниме но мора да се сподели оваа позитивна и луда вест. Минатата година се пријави на маратонот но не учествуваше не знаеме дали се работи за истиот човек сепак носи маска, но скопскиот „Спајдермен" не му е првпат да не забавува.


Извор: bulevar.mk


Од најавата на текстот може да констатираме дека доволно е да се употреби само некој збор кој го привлекува вниманието, како на пример: „корона", „карантин", „КОВИД – 19" за да измами заинтересираност. Па, читајќи го насловот **„Карантинот си го прави своето – Спајдермен трча низ Скопје"** истовремено, го поставувам и прашањето: На кој начин и колку овој наслов си поигрува со чувствата на публиката? Дали карантинот и изолацијата го довеле овој човек – Спајдермен навистина до психичко нарушување? И дали оваа вест која според новинарот, има цел да забавува и како што е посочено во текстот да биде „позитивна и луда вест", всушност има сосема спротивно дејство? Иронично е тоа што информацијата споделена преку оваа веб страна воопшто и не претставува вест. Истава делумно може да предизвика и паника и стрес кај дел од читателите, бидејќи од Светската здравствена организација официјално е потврдено дека карантинот и самоизолацијата можат да имаат негативно влијание. Постарите луѓе, особено оние кои се во изолација и оние со когнитивен пад или деменција можат да постанат вознемирени, лути, повлечени и поизложени на стрес за време на карантинот.

Ако детално ја анализираме оваа вест и ако се повикаме на петте главни прашања кои треба да си ги поставува секој медиумски писмен човек, прво може да констатираме дека авторот на оваа порака е непознат. Истата е пратена да забавува, меѓутоа дискутабилно е колку и дали ја има постигнато посакуваната цел или предизвикува сосема спротивен ефект. Согласно ова, различни луѓе можат различно да ја протолкуваат содржината која ја нуди овој медиумски продукт. Воедно, во самиот текст се употребени елементи на манипулативност и сензационализам. Авторот воопшто не се држи до факти, туку се повикува на две слики кои ги поврзува, а кои реално немаат никаква допирна точка со карантинот за време на вонредна состојба предизвикана од епидемијата. Севкупно гледано, недостасуваат многу новинарски елементи, а со тоа оваа порака го деградира квалитетот на вистинското информирање.

Воедно, морам да констатирам дека веќе анализираната „новинарска вест“ со малку поразличен наслов и текст ја забележав објавена во уште два веб портали, а тоа се: infomax.mk и zazabava.com, а истата е превземена од веб порталот crnobelo.mk.







На крај го поставуваме прашањето, колку може да им се верува на наведените веб страни и колку истите треба да бидат ослободени од одговорноста за искористување на незавидната моментална ситуација предизвикана од корона вирусот.

Како и да е, едно е сигурно, пандемијата навистина влијае на психичкото здравје на луѓето, па следете ги препораките од релевантни извори на информации како националните здравствени институции или Светската здравствена организација. Имајте во предвид дека не секоја информација за КОВИД – 19 е точна.

Автор: Рамизе Рамадани, 15 години